III-460

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 11/1-460/2
07.02 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Записник од продолжението на втората седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Агенција за електронски комуникации | | |
| **Датум** | 17.01.2020 година | **Време** | 14:00 – 15:45 часот |
| **Бр. на седница** | Четврта седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов– претседател<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Синиша Апостолоски (АЕК), Борис Арсов (АЕК), Зоран Алексов (АЕК), Љубен Талев (надворешен соработник-експерт), Милан Николовски (надворешен соработник-експерт), Благој Стојанов (надворешен соработник-експерт) | | |
| **Логистичка поддршка** | Владимир Соколов, МИОА<br>Мишко Талески, МИОА | | |

| **ДНЕВЕН РЕД** |
|---|
| 1. Усвојување на предлог записникот од продолжението на втората седница одржано на 27.12.2019 година |

2. Информација за орто-фото мапата од МЗШВ
3. Доставување предлог на НКБК до ЈП МРД за добивање дополнителни податоци од субјектите кои управуваат со оптичка инфраструктура изградена со јавни средства кои треба да ги достават на међуресорската работна група за подготовка на Анализа на оптичка инфраструктура изградена со јавни средства.
4. Податоци кои субјектите кои управуваат со оптичка инфраструктура изградена со јавни средства треба да ги достават на међуресорската работна група надлежна за подготовка на Анализа на оптичка инфраструктура изградена со јавни средства
5. Дискусија за постојната оптичка владина мрежа
6. Разно

**БЕЛЕШКИ**

Четвртата седница ја отвори претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, кој утврди дека се присутни мнозинството членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува.

**За првата точка од дневниот ред,**
Во однос на првата точка, членовите на НКБК без забелешки и приговори го усвоија записникот од продолжението на втората седница, одржано на 27.12.2019 година.

**За втората точка,**
Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ги информираше присутните дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство до МИОА ја достави орто фото колор мапата, согласно Меморандумот за соработка потпишан со Министерството за информатичко општество и администрација. Орто фото мапата согласно процедурите ќе биде доставена до Агенцијата за електронски комуникации за понатамошно постапување, врз основа на надлежностите кои произлегуваат од Националниот оперативен бродбенд план (НОБП).

**За третата точка**

Во рамките на дискусијата за доставување предлог на НКБК до ЈП МРД, со цел добивање дополнителни податоци од страна на субјектите кои управуваат со оптичка инфраструктура изградена со јавни средства за потребите на међуресорската работна

група за подготовка на Анализа на постоечката оптичка инфраструктура, презентација одржа членот на НКБК, Зоран Дервишов.

Тој ја претстави работната верзија на табеларниот приказ кој содржи барани податоци за дополнување на информациите кои се пристигнати од субјектите. Според предлогот, субјектите ќе треба да доставаат дополнителни и подетални податоци за оптичките кабли, кабелската канализација и кабелските окна.

Надворешниот експерт и соработник на НКБК, Милан Николовски, предложи во рамките на низата податоци кои дополнително ќе се побаруваат од субјектите да се додаде и податок за тип на конектори, додека експертот Благој Стојанов оцени дека битен податок кој треба да се добие е и оној кој се однесува на состојбата на оптичките влакна, со оглед на фактот дека тие со текот на годините слабеат, за што ќе биде потребна нивна замена или ревитализација.

Целта на оваа активност е во еден табеларен приказ да се наведат сите податоци кои се однесуваат на оптичките кабли и оптичката канализација.

**Заклучок 1:** Работната верзија на табелите да се достави до членовите на НКБК..

**За четвртата точка**

Во однос на четвртата точка, претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, наведе дека треба да се отвори прашањето кои податоци во однос на постојната оптичка владина мрежа треба да се третираат како класифицирани. Националната оптичка транспортна мрежа (НТОМ) која ќе ја гради ЈП МРД, оптички ќе ги поврзе сите јавни институции (министерства и други јавни институции). Постојната Владина оптичка мрежа ќе треба да се интегрира со НТОМ. Во таа насока, од особена важност е кога ќе се димензионира НТОМ претходно да се имаат податоците за постојната Владина оптичка мрежа (да не се дуплира поставувањето, да се користат слободните влакна итн).

Надворешниот експерт и соработник на НКБК, Милан Николовски, оцени дека на овие податоци/документација треба да им се даде степен на тајност за пошироката јавност, но дека истите треба да им бидат достапни на експертските тела заради надлеженостите во соодветната област.

Членот на НКБК, Сашко Мукаетов, додаде дека треба да се утврди правната основа за класифицирањето на овие податоци, додека Славица Настеска предложи во легендите на табелите кои ќе им бидат доставени на јавните институции да се наведе дека оптичките кабли и оптичките влакна не можат да бидат сметани како тајни податоци, додека како класифициран податок може да се смета институцијата која ги користи.

**Заклучок 1:** НКБК да го побара дописот од Министерството за внатрешни работи од претседателот на работната група за Анализа на постоечката оптичка инфраструктура во врска со класификацијата на нивните мрежи.

**За петтата точка,**
Националната канцеларија за бродбенд компетентност не отвори дискусија по однос на точката разно.

| | | |
|---|---|---|
| Записникот го водеше | **Владимир Соколов** | ____________ |
| Претседател на НКБК | **Димитар Буковалов** | ____________ |